

Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и талентирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР ВО ДИРЕКЦИЈА ТРЕЖРИ

## Квалификации:

- Високо стручно образование – Економски факултет
- Најмалку 3 години релевантно работно искуство на иста или слична позиција
- Да поседува ACI Dealing Certificate
- Одлично познавање (вербално и писмено) на англиски јазик, како и напредно користење на MS Office
- Одлични способности за тимска работа
- Способност за самостојно планирање, организирање и навремено исполнување на задачите
- Познавање на законските прописи кои ја регулираат дејноста

## Твоите професионални активности:

- Ја помага работата на Директорот на дирекцијата при раководење, организирање, координирање и контролирање на работата во дирекцијата
- Го воспоставува, координира и следи извршувањето на задачите во рамките на секторите на Дирекција Трежри
- Обезбедување на средства од финансиски институции, анализа и следење на истите
- Следење на состојбите на денарската и девизните сметки на Банката и соодветна алокација на истите
- Следење на отворените девизни позиции по валути и склучување на девизни трансакции со цел исполнување на интерните и законските лимити
- Следење на међувалутните односи и информациите на домашниот и меѓународниот девизен пазар и пазарот на пари

- Тргување на девизен пазар, пазарот на пари и пазарот на капитал согласно доделените задачи, а во рамки на интерните и законските лимити и процедури
- Работа со инвестициско злато
- Доставува предлози за подобрување на организацијата на работењето во Дирекцијата
- Учествува во работата на органи на Банката согласно Статутот и другите интерни акти на Банката
- Ги следи дневните движења на ликвидноста, исполнувањето на интерните и законските лимити поврзани со ликвидноста и дава предлози за остварување на поставените цели
- Учествува во работни групи за креирање и изработка на нови решенија во работењето на Банката
- Го следи движењето на активата и пасивата на Банката, на редовна основа го известува Директорот за тоа и дава предлози за нивно усогласување
- Врши следење на постапувањето по дадените препораки од ревизиите и периодично го известува Директорот и надлежните органи на Банката

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

## Бенефиции:

- Конкурентна плата и бенефиции
- Политика за наградување преку системот на бонуси
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk, или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 20.10.2024 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk